Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-169/14
Датум: 02-05-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 169/1 од 13.02.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со живеалиште на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус, во областа на работата и работните односи од страна на АД Електрани на Северна Македонија - Скопје, АД Електрани на Северна Македонија – Подржуница РЕК Осломеј, [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на лично својство и општествен статус, во областа на работата и работните односи од страна на АД Електрани на Северна Македонија - Скопје, АД Електрани на Северна Македонија – Подржуница РЕК Осломеј, [redacted] кон [redacted]

## Образложение

На 13.02.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 169/1, од страна на подносителот [redacted] против АД Електрани на Северна Македонија - Скопје, АД Електрани на Северна Македонија – Подржуница РЕК Осломеј, [redacted] – генерален директор на АД Електрани на Северна Македонија и [redacted] Подружница РЕК Осломеј за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи.

Подносителот на претставката работел во АД ЕСМ – Скопје, Подружница Енергерика како раководител за електромашинско одржување до 17.09.2020 година, кога добил Одлука за откажување на Договорот за вработување поради деловни причини. По таквата одлука му била дадена понуда за склучување на нов, променет договор – Договор за вработување и Одлука за распоредување на работник од еден во друг организационен дел на друштвото, како инженер за технолошки процес во РЕК Осломеј ТЕ – Осломеј. Подносителот го прифатил новиот Договор, како и условите содржани во него, меѓу кои и патување до новото работно место. Воедно, бил распореден на најниската инженерска позиција во АД ЕСМ со коефициент 2,3, за разлика од претходното работно место кое било со коефициент 3,47, односно со разлика во платата од 15 000 до 16 000 денари на месечно ниво. Подносителот наведува дека во Одлуката за распоредување на работник од еден во друг организационен дел на друштвото е наведено следното:

*„Работникот за времетраење на работниот однос на новото работно место има право на надомест на трошоци за користење на сопствено возило за службени цели, доколку го користи, како и надомест за одвоен живот согласно член 78 и член 79 од Колективниот договор на друштвото.“*

**Член 78 од Колективниот договор на Акционерско друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје:**

*„Работникот има право на надомест за користење на приватен автомобил за службени потреби во висина од 30 % од цената на литар гориво за изминат километар.“*

**Член 79 од Колективниот договор на Акционерско друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје:**

*„Работникот има право на надомест за одвоен живот во висина од 60 % од просечната нето-плата во Републиката исплатена во претходните 3 месеци, објавена до денот на исплатата.*

*Работникот нема право на надомест за одвоен живот за деновите на боледување, сужбено патување, годишен одмор и платено отсуство.“*

Подносителот незадоволен од Одлуката, поднел тужбено барање за поништување на Одлука со откажување на Договор за вработување поради деловни причини и распределбата од еден во друг организационен дел на друштвото. Тужбеното барање на подносителот на претставката било одбиено, а по жалбена постапка предметот е вратен од Апелационен суд на повторно одлучување пред првостепениот суд.

Согласно Одлуката за распоредување на работник од еден во друг организационен дел на друштвото, подносителот секојдневно патувал од Скопје до РЕК Осломеј и назад, според добиениот распоред од претпоставените за работа во време на паднемија. За патувањата до работното место и назад редовно ги известувал правниот сектор и секторот за финансии и до нив доставувал фискални сметки од гориво и патарини, за што доставил и докази во прилог на претставката. Според тврдењата на подносителот, работодавачот увидел дека на тој начин се зголемуваат трошоците со превоз на работникот и за таа цел почнал да му издава Работни налози за времено извршување на работи во Подружница ХЕС Треска – Скопје, Објект ХЕЦ Козјак, во траење од по 60 дена (повеќе од две години и тековно). Подносителот, согласно Колективниот договор до работодавачот доставувал барања за исплата на патни трошоци и теренски додаток, за што од страна на РЕК – Осломеј, Сектор за правни и општи работи добил Решение за исплата на надоместок за користење на приватен автомобил за службени цели за месец октомври 2020 година и исплатени патни трошоци по Решението од февруари 2021 година, додека останатите патни трошоци не му биле исплатени.

Од причина што работно место согласно новиот Договор за вработување му било РЕК – Осломеј, подносителот од работодавачот барал исплата на теренски додаток, во смисла на членот 77 од Колективниот договор, заради престој надвор од местото каде постојано ги обавува работите од работното место. Од работодавачот добил одговор дека средствата на име надомест за користење на приватен автомобил за службени цели на релација Скопје – Осломеј и Осломеј – Скопје на работникот му се исплатени. Во врска со барањето на работникот за теренски додаток, работодавачот образложил дека таков додаток не му следува, заради тоа што ХЕЦ Козјак, каде бил времено распределен работникот е довршен објект, односно не е објект во изрдаба. Врз основа на тоа не биле исполнети условите од **членот 77 од Колективниот договор**:

*„За престој на терен на работникот му се исплатува теренски додаток.*

*Под престој на терен, во смисла на став 1 на овој член, се подразбира престој на работникот надвор од местото каде постојано ги обавува работите од работното место на кое е распореден повеќе од 24 часа или за повремено обавување на работа повеќе од 8 часа дневно* ***на објекти кои се во фаза на изградба. Објектите во изградба се утврдуваат со одлука на Управниот одбор на Друштвото.***

*Теренски додаток се исплатува само за деновите кога работникот фактички престојувал на терен, без оглед дали тие денови се работи или неработни.*

*Теренскиот додаток изнесува 75 % од полната дневница за службено патување во Републиката, а за објектите кои се во изградба изнесува 40 % од полната дневница за службено патување во Републиката.*

*Доколку на работникот кој престојува на терен му е обезбедено сместување или пак изхрана, теренскиот додаток се намалува за 25 %, а ако му е обезбедено и сместување и исхрана теренскиот додаток се намалува за 50 %.*

***Со завршување на изградбата на објектот од став 2 на овој член, престанува и правото на исплата на теренски додаток, по овој основ."***

Заради горенаведеното, подносителот на претставката поднел тужбено барање за исплата на теренски додаток, патни трошоци и други побарувања заклучно до 31.08.2021 година, за што судската постапка е во тек.

Во претставката е наведено дека на колеги на подносителот од РЕК Осломеј, кои со ист работен налог како подносителот се упатени на времена работа во РЕК Битола, им се исплатува теренски додаток.

Од причина што подносителот во претставката не навел дискриминаторска основа, ниту дал податоци од кои би можела истата да се идентификува, Комисијата за

спречување и заштита од дискриминација до подносителот испрати Барање за доуредување на претставката.

Подносителот ја доуредил претставката во насока што како дискриминаторска основа навел лично својство и општествен статус, не посочувајќи конкретни крактеристики, околности или било какви податоци кои го објаснуваат неговото лично својство или општествен статус.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 15.02.2023 година испрати Известување бр. 08 - 169/2 за произнесување по наводите од претставката до [redacted] Известување бр. 08 – 169/3 до АД Електрани на Северна Македонија, Известување бр. 08 – 169/4 до АД ЕСМ – РЕК Осломеј и Известување бр. 08 – 169/5 до [redacted]

На 03.03.2023 година до Комисијата беше доставен поднесок за произнесување по наводите од претставката од АД Електрани на Северна Македонија и генералниот директор на АД Електрани на Северна Македонија – [redacted]

Во произнесувањето се дадени процесни приговори во однос на претставката, во смисла на застареност, согласно член 24, став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација и водење на судска постапка за истата работа, согласно член 27, став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во однос на содржината на претставката, во произнесувањето се наведува дека конкретната правна работа е граѓанско – правен однос помеѓу подносителот на претставката и генералниот директот на АД ЕСМ, за кој се поведени две судски постапки, од кои едната за надоместоци од работен однос и другата за поништување на Одлука за откажување на договор за вработување поради деловни причини со понуда за склучување на нов променет договор за вработување и Одлука за распоредување на работник од еден во друг организационен дел од друштвото. Следствено на тоа, во произнесувањето се наведува дека АД ЕСМ ќе постапи согласно исходот од судските постапки.

Во однос на тврдењата за сторена дискриминација, се наведува дека на работникот по ниту еден основ не му е сторена дискриминација и работникот со ниту еден акт на работодавачот не бил ставен во понеповолна положба во однос на останатите работници.

Во врска со наводите од претставката кои се однесуваат на надоместок за користење на сопствен автомобил и патарини, од АД ЕСМ се произнеле дека во конкретниот случај работникот склучил договор за вработување, со кој го продолжил работниот однос на работно место во Подржуницата РЕК Осломеј. Во членот 3 од Договорот

договорните страни утврдиле дека работникот ќе ги извршува работните задачи во Подружница РЕК Осломеј. Надоместокот за користење на сопствен автомобил за службени потреби, согласно член 78 од Колективниот договор на работодавачот следува кога работникот е упатен на службено патување надвор од договореното место на извршување на работните задачи согласно склучениот договор за вработување, кога од страна на работодавачот за оваа цел не е обезбеден превоз.

По однос на наводите од претставката кои се однесуваат на теренскиот додаток, од АД ЕСМ појаснуваат дека согласно член 77 од Колективниот договор е определено за престој на терен на работникот да му се исплатува теренски додаток, на објекти кои се во фаза на изградба. При тоа се наведува дека обејектот ХЕЦ Козјак во подружницата ХЕС Треска – Скопје е изграден и завршен објект во 2005 година, за што во прилог доставиле доказ од решенија за употреба на објектот од РМ – Министерство за транспорт и врски.

Заклучно, врз основа на изнесеното во поднесокот за произнесување се негираат наводите за дискриминација и се наведува дека на работникот во целост му се исплатува плата и надоместоци од плата, кои согласно Законот за работните односи и Колективниот договор му следуваат.

На 06.03.2023 година до Комисијата е доставен поднесок за произнесување по наводите од претставката од Подружница РЕК Осломеј - АД ЕСМ и [redacted] Подружница РЕК Осломеј - АД ЕСМ.

Во произнесувањето се наведува дека работникот [redacted] со одлука на генералниот директор на АД ЕСМ – Скопје е распореден да ивршува работни задачи како инженер за технолошки процес во Подружница РЕК Осломеј – Осломеј. Во продолжение се наведува дека од неговото доаѓање работникот поднел барање за исплата на патни трошоци за користење на приватно возило за службени потреби, согласно член 78 од КД, по што од работодавачот било изготвено решение за исплата на надоместокот за конкретниот работник, како и за други работници кои на истиот начин биле распоредени. Во истиот период работникот поднел барања за надоместок за одвоен живот, теренски додаток, користење на приватно возило за службени потреби, како и за прекувремени часови остварени при патување од местото на живеење до работното место. Од поднесокот за произнесување произлегува дека наведените надоместоци, согласно член 80 од Колективниот договор се исклучуваат меѓусебно. Од овие причини исплатата на надоместокот во наредниот период била стопирана, а на работникот му било посочено да се одлучи и наведе кој од бараните надоместоци ќе го користи, како исплатата би продолжила во согласност со одредбите од Колективниот договор.

Во врска со наводите од претставката за теренскиот додаток, се појаснува дека работникот со работен налог издаден од генералниот директор бил распореден на

извршување работни задачи во ХЕЦ Козјак според неговиот степен на стручна подготовка. Службата за правни работни при Подржуница РЕК – Осломеј на работникот му испратила допис со образложение дека не се исполнети условите за остварување на терenski додаток.

Од Подржуница РЕК – Осломеј наведуваат дека за нив останува нејасно од која причина работникот [redacted] тврди дека е дискриминиран, кога свесно доставувал барања за сите надоместоци, и покрај тоа што јасно му било посочено дека дел од нив се исклучуваат и треба да наведе кој од нив ќе го користи.

Согласно член 30, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 27.03.2023 година Комисијата испрати Барање за информации до АД ЕСМ – Подружница РЕК Осломеј со бр. 08 – 169/12, со кое ги побара следните податоци:

- Дали РЕК Битола се води како објект во изградба согласно одлуките на Управниот одбор на друштвото?;
- Дали постојат вработени во РЕК Осломеј кои со работен налог се распоредени да ги обавуваат работите во РЕК Битола?;
- Дали тие работници остваруваат теренски додаток?

На 13.04.2023 година пристигна поднесок од АД ЕСМ – Подружница РЕК Осломеј со бр. 08 – 169/13 како одговор на Барањето за информации.

Во поднесокот се наведува дека постојат вработени од РЕК Осломеј кои со работен налог се распоредени да ги обавуваат работите во РЕК Битола, работат по 12 часа, при тоа немаат организиран превоз и се со преноќиште. Истите се ангажирани да работат на објект во изградва, каде е во рек топлификациониот систем. Работниците кои со налог работат во РЕК Битола остваруваат теренски додаток согласно член 78 од Колективниот договор на друштвото.

Процесните приговори во однос на водење судска постапка за истата работа и ненавременост на претставката, истакнати од страна на ЕСМ, Комисијата ги одби како неосновани. Тоа од причина што од приложените докази проилегува дека предмет на судската постапка е работен однос, а не дискриминација, додека во однос на ненавременоста, иако во претставката се опфатени настани кои се случиле пред повеќе од шест месеци, односно една година од датумот на поднесување на претставката, подносителот навел дека истите се случуваат и тековно.

Во однос на тврдењата на подносителот за неостварување на теренски додаток при негово распоредување во ХЕЦ Козјак, имајќи го предвид членот 77 од Колективниот договор на работодавачот и приложените докази во произнесувањата, произлегува дека за остварување на ваквиот додаток не е исполнет условот – да се работи за обејкт во изградба.

Дополнително, самиот подносител во претставката навел дека со новиот Договор за вработување му се предвидени надоместоци на плата според членот 78[1] и членот 79[2] од Колективниот договор.

Во врска со надоместоците кои ги барал работникот е **членот 80 од Колективниот договор**, каде е предвидено:

*"Дневницата за службено патување, надоместокот за одвоен живот и теренскиот додаток меѓусебно се исклучуваат."*

Оттука произлегува дека компараторот кој го навел подносителот – вработени во АД ЕСМ – Подружница РЕК Осломеј кои со работен налог се распоредени да ги обавуваат работите во РЕК Битола не е релевантен за утврдување на нееднаков третман кон подносителот.

Ценејќи ги наводите од претставката, дополнението и наводите од поднесоците за произнесување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека подносителот [redacted] не сторил веројатно дека работодавачот – АД ЕСМ сторил дискриминација кон него врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи. За да се стори веројатно тврдењето за извршена дискриминација, и за да премине товарот на докажување од подносителот на претставката на претпоставениот дискриминатор, во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, тој мора да презентира факти со кои ќе направи веројатно дека дискриминацијата би можела да биде извршена, односно од кои јасно може да се претпостави за веројатно дека **токму дискриминаторската основа е таа околност што довела до понеповолно постапување или ефект од постапувањето, за разлика од другите**. Воедно, подносителот потребно е да го направи веројатно постоењето на каузална врска помеѓу понеповолно постапување или ефектот од постапувањето и настанатата повреда или штета. И покрај Барањето за доуредување на претставката кое го испрати Комисијата, подносителот единствено како дискриминаторска основа навел лично својство и општествен статус, без притоа да појасни кои околности упатуваат на негова заштитна карактеристика – лично својство и општествен статус. Иако недостига воспоставена правна практика на меѓународно ниво која би помогнала појасно да се исцртаат границите на оваа основа за заштита и од практиката на ЕСЧП не е целосно јасно кое е точното значење на личен статус, најчесто под личен или општествен статус се подразбира основа за заштита која се врзува со надворешниот физички изглед и неговите карактеристики, со

[1] Работникот има право на надомест за користење на приватен автомобил за службени потреби во висина од 30% од цената на литар гориво за изминат километар.

[2] Работникот има право на надомест за одвоен живот во висина од 60% од просечната месечна нето-плата во Републиката исплатена во претходните 3 месеци, објавена до денот на исплатата. Работникот нема право на надомест за одвоен живот за деновите на боледување, службено патување, годишен одмор и платено отсуство.

неговото потекло, неговата поврзаност со определена професија, со сегашниот или поранешниот статус на затвореник или имигрант, итн. Тој е одреден од лична карактеристика која лицето ја има или се претпоставува дека ја има, или со статусот во општеството кој се смета дека едно лице го ужива, а поврзано со овие свои карактеристики.

**Во недостаток на дискриминаторска основа, причинско – последична врска помеѓу дискриминаторската основа и евентуална повреда на правата од работниот однос, односно нееднаков третман врз дискриминаторска основа кон подносителот на претставката, не може да стане збор за дискриминација.** Оттука произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Во однос на побарувања кои произлегуваат од работниот однос и евентуални повреди на правата од работен однос, кои не се поврзани со нееднаков третман и дискриминација подносителот веќе побарал судска заштита на правата пред граѓански суд.

Заради наведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус, во областа на работата и работните односи од страна на АД Електрани на Северна Македонија - Скопје, АД Електрани на Северна Македонија – Подржуница РЕК Осломеј, [redacted]

НАПОМЕНА: Комисијата за спречување и заштита од дискриминација заради сеопфатноста на постапката, преземените дејствија во текот на постапката и обемноста на обезбедената документација, го пречекори законски утврдениот рок од 60 дена за постапување по претставки.

Скопје,
28.04.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик претседател
Игор Јадровски


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368; +389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Доставено до:

- [redacted]
- АД Електрани на Северна Македонија со адреса на „11-ти Октомври" бр. 9, 1000 Скопје
- Генерален директор на АД ЕСМ – [redacted]
- АД ЕСМ – РЕК Осломеј, с. Осломеј, 6250 Кичево
- [redacted]